Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor**
**dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр./Nr.Arh.УП1-11/4-866/2021

Дата/Data 13-08-2021 год. /viti

**ДО/DERI TE:** **в.д. Директор на Управа за животна средина**
**u.d.Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor**
**Hisen Xhemaili**

**ПРЕДМЕТ/LENDA:** Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за Проектот: Автопат А2 Гостивар-Кичево, делница Букојчани-Кичево во општина Кичево

Почитувани,

Të nderuar,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Проектот: Изградба на Автопат А2 Гостивар-Кичево, делница Букојчани-Кичево во општина Кичево, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје на ден 27.07.2021 година изготви

**И З В Е Ш Т А Ј**

за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Проектот:Изградба на Автопат А2 Гостивар-Кичево, делница Букојчани-Кичево во општина Кичево, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Изградба на Автопат А2 Гостивар-Кичево, делница Букојчани-Кичево во општина Кичево, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје


Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

изработена од ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО од Скопје со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина Олгица Мицевска - овластен експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје. Со проектот се предвидува изградба на 12,7 km подделница Букојчани-Кичево од Автопат А2 кој што е дел од коридор VIII.Почнувајќи од клучката кај Долно Строгомиште на север па се до југ на А2 Кичево-Охрид.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, отпад, ерозија, бучава, вибрации, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археролошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на проектирање, изградба, оперативна фаза, и непредвидени незгоди (хаварии) во глава 5, глава 6, глава 7 и глава 8 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни, изготвен е План за мониторинг на животната средина и социјалните аспекти.

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Изградба на Автопат А2 Гостивар-Кичево, делница Букојчани-Кичево во општина Кичево, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје му предлага на Директор на Управа за животна средина да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на Проектот: Изградба на Автопат А2 Гостивар-Кичево, делница Букојчани-Кичево во општина Кичево, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на влијанија врз животната средина и природата.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

**Комисија:**

1. Билјана Петкоска
   ____________________
2. Илбер Мирта
   ____________________
3. Александар Петковски
   ____________________
4. Владо Атанасовски
   ____________________
5. Дритон Шерифи
   ____________________

**По овластување на Министер,**

**вд. Директор на Управа за животна средина**
**u.d.Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor**
**Hisen Xhemaili**

Изработил/Përpiloi: Александар Петковски

Контролирал/Kontrolloi/Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk